# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 алинеја 1 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 41/14, 61/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 март 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот за нивното користење, видот и обемот на основните геолошки истражувања за 2026 година.

II

Средствата за финансирање на оваа програма се во износ од 2.221.000 (два милиони двеста дваесет и една илјада) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, раздел – 10101 Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, програма 2, потпрограма 21 - Геолошки завод, категорија 48 - капитални расходи, ставка 485 - вложувања и нефинансиски средства.

III

Средствата за финансирање на оваа програма се со цел обезбедување на основните геолошки и хидрогеолошки карти, како и креирање на централна и дигитална база од геолошка документација и платформа за користење и споделување на геолошка документација и ќе се користат за следната намена:

| **Ред. бр.** | **Опис** | **Износ (денари)** |
|---|---|---|
| 1. | Надградба на „ГИС апликација специјализирана за областа на геологијата и управувањето со податоци од дигиталната Основна геолошка карта во размер 1:25.000“ со пропратни сервиси и нејзино интегрирање во Единствениот геолошки информациски систем на Република Македонија (ГИСРМ) | 923.002 |
| 2. | Комплетирање на изработката на Основната геолошка карта во размер 1:25.000 | не се потребни средства |
| 3. | Дигитализација, векторизација и геопросторно поврзување на геолошката документација | не се потребни средства |
| 4. | Систематизирано внесување, проверка и интеграција на геолошката документација во Единствениот геолошки информациски систем на Република Македонија (ГИСРМ) | не се потребни средства |
| 5. | Неизмирени обврски од Програмата за основни геолошки истражувања за 2025 година | 1.297.998 |
| ВКУПНО: | | 2.221.000 |

IV

Реализацијата на проектот под реден број 1 од делот III од оваа програма ќе се врши врз основа на склучен договор со изведувач кој се избира со објавување на јавен повик и спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Со најповолниот понудувач Геолошкиот завод на Република Северна Македонија ќе склучи договор за јавна набавка на услуги.

Реализацијата на проектите под реден број 2, 3 и 4 од делот III од оваа програма ќе биде извршена самостојно и во целост од страна на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија.

Реализацијата на неизмирените обврски од Програмата за основни геолошки истражувања за 2025 година под реден број 5 од делот III од оваа програма, ќе биде извршена од страна на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 57-1278/14
24 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.